Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 30 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по наставниот предмет **руски јазик (втор странски јазик)** за **VII (седмо)** одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# РУСКИ ЈАЗИК

## Втор странски јазик

## за VII (седмо) одделение

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | **Руски јазик** |
| **Тип на наставна програма** | задолжителна |
| **Одделение** | Седмо одделение<br><br>По **првата** година од учењето на рускиот јазик во основното образование (VIодделение) треба да се достигнат основни знаења од нивото А1.1 (подготвително ниво).<br><br>По **втората** година од учењето на рускиот јазик во основното образование (VII одделение) треба да се достигнат понапредни знаења од нивото А1.2 (основно ниво).<br><br>По **третата** година од учењето на рускиот јазик (VIII одделение) треба да се заокружат знаењата од нивото А1 (целосно ниво) и да се достигнат основни знаења од нивото А2.1 (подготвително ниво).<br><br>По **четвртата** година од учењето на рускиот јазик (IX одделение), треба да се достигнат делумни знаења од нивото А2.2 (основно ниво).<br><br>Стекнувањето на компетенциите во согласност со наведените нивоа ќе биде прикажано преку резултатите од учењето во сите наставни програми за основно образование (за VI, VII, VIII и IX одделение). |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката:<br><br>-да формира и да развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;<br>- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да формира елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развива позитивен став кон рускиот јазик и култура, во рамките на посочените теми да се здобие со основни познавања за социокултурниот живот на своите врсници од оваа култура, а преку споредба со нив да ги збогатува познавањата за сопствената култура и постоење;<br>- да развие способност за самостојно учење и самовреднување според *Заедничката европска референцијална рамка (Портфолио).* |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за седмо одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за седмо одделение на основното образование.<br>Се препорачува заради полесен визуелен контакт помеѓу ученици за да слушнат подобро што се зборува, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *руски јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по руски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по руски јазик и книжевност – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по руски јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС.<br>- двопредметни студии по македонски и руски јазик, VII/ 1 или 240 ЕКТС и<br>- студии по руски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими[1] | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Први контакти[2]** | | | |
| 1.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>глобално и детално разбира слушнат/пишан краток текст во врска со физичкиот опис на луѓето;<br><br>глобално и детално да | **Јазични функции:**<br><br>Опшување физички изглед<br>- *Какой Миша?*<br>- *Как Миша выглядит?*<br>- *Я в первый раз с ним встречаюсь, опиши его.*<br>- *Миша невысокий, стройный.*<br>- *Какая Маша? Маша высокая, полная.*<br>- *Какой у неё рост?Какие у неё глаза?*<br>- *Глаза-карие, волосы-каштановые.*<br>- *Кто эта девочка в синих джинсах и белой рубашке?*<br>- *Что надела Маша?*<br>- *Она надела красную юбку и красную футболку.*<br>- *Какие у тебя модные сапоги!!!*<br>- *Какого цвета у тебя платье?* | **Активности**:<br><br>- Слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- Вежби за асоцијација;<br>- Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови и сл.;<br>- Поврзување на текстови со слики;<br>- Одговарање на прашања од типот точно/неточно;<br>- Отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- Подредување едноставни слушнати информации во табели; | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.1. идентификува поими поврзани со описот на лицата;<br>1.1.2. препознава делови на човечкото тело, делови од облеката;<br>1.1.3.поврзува слика со краток текст;<br>1.1.4. разбира кратки фрази и искази поврзани со физичкиот опис на луѓето.<br><br>1.2.1. идентификува поими поврзани со описот на |

[1] Содржините и поимите дадени во наставната програма се однесуваат на сите резултати од учењето.
[2] Насловите на темите се дадени согласно лексиката и јазичните функции.Тие може да бидат и поинаку формулирани, но материјата што се обработува останува иста.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2.<br><br><br><br><br>1.3.<br><br><br><br><br>1.4 | разбира слушнат/пишан краток текст во врска со опис на своите омилени животни;<br><br>да се опише себеси, други лица или миленичиња;<br><br>пишува кратки и едноставни реченици со новоусвоената лексика за физички опис. | Опишување луѓе, миленичиња;<br><br>*Как ты ухаживаешь за своей собакой (кошкой, попугаем, хомяком, рыбками, черепахой)?*<br>*Как выглядит твоя собака (кошка,попугай...)?*<br>*Он/она маленький/маленькая, (большой/большая)?*<br>*Какого он/она цвета?*<br>*-У него короткие светлые волосы и серые глаза.*<br>*-У неё длинные тёмные волосы и карие глаза.*<br>*- У меня есть кошка. Её зовут Машка. Она маленькая, белая.*<br>*- У меня есть собака. Мою собаку зовут Жучка.*<br><br>**Лексички единици**<br>Лексика која е поврзана со:<br>*- Физички опис на личноста – лексика со која се опшиува луѓе или миленичиња;*<br>*Именки (глаза, карие, зелёные, голубые, серые)*<br>*Придавки (высокий, полный, худой)*<br>*Волосы, длинные, короткие, светлые, тёмные, рыжие, седые*<br>Облека и лични предмети (рубашка, брюки, джинсы, очки, перчатки, туфли, кроссовки)<br>Бои (*зелёный, голубой, серый, белый* ) | - Вежби со користење на пантомима;<br>- Подредување зборови во реченици и слики по логичен редослед;<br>- Пополнување празни места во табели и реченици;<br>- Поставување прашања и одговарање на нив;<br>- Играње на улоги според дадени модели;<br>- Идентификување одделни графеми во зборови со подвлекување на тие букви<br>- Пишување на слушнат исказ<br>- Индивидуална/групна изработка на постер<br>- Одбележување на акцентот во изговорени од наставникот зборови<br>- Бура на идеи;<br>- Подредување на зборови по логичен редослед<br><br>**Методи**:<br>- Демонстрациски метод: пуштање аудио и видео снимки, покажување предмети, појави, настани, слики, цртежи; | животни;<br>1.2.2. поврзува слика со краток текст;<br>1.2.3. разбира кратки фрази и искази поврзани со описот на милениченињата.<br><br>1.3.1. дава едноставен опис на луѓе и миленичиња;<br>1.3.2. споредува физички изглед на луѓето и миленичињата;<br>1.3.3.поставува и одговара на прашања правилно употребувајќи ја новата лексика;<br>1.1.4. применува кратки фрази и искази.<br><br>1.4.1. пишува кратки реченици со новоусвоената лексика за опис на физичкиот изглед;<br>1.4.2. составува краток едноставен текст за опис на физичкиот изглед ; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Граматички содржини:**<br>Ударение и редукция гласных<br>Усвоение интонационных конструкций<br>Имя существительное – род и число<br>- Родительный падеж<br>- с числительными:<br>*три года, пять лет, сто рублей, пятого марта*<br>- с наречиями: много, сколько, несколько;<br>*много времени, сколько учеников, несколько мальчиков*<br><br>- Личные местоимения<br>я, ты, он, она, оно, мы, вы, они<br>*Это **я**.*<br>*У **меня** в субботу был день рождения.*<br>*Друзья подарили **мне** книгу.*<br>*Друзья поздравили **меня** с днём рождения.*<br>*Они веселились вместе со **мной**.*<br>*Они долго говорили **обо мне**.*<br><br>Одушевленность, неодушевленность<br>Имя прилагательное – род и число<br>Сравнительная степень прилагательных<br>*умн-ый - умнее,* | - Вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги), опишување, раскажување, објаснување;<br>- документациски методи: пуштање на аудиовизуелни извори на информации;<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, истражување;<br>- операциски метод: метод на творечка работа преку писмено изразување;<br>- Метод на слушање со повторување;<br>- Игровни активности; | 1.4.3. пишува кратко неформално писмо (смс, мејл) со опис на физички карактеристики. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Настоящее время – I спряжение<br><br>*<u>чита\|ть</u>*<br>1 *я чита – ю* *мы чита – ем*<br>2 *ты чита – ешь* *вы чита – ете*<br>3 *он чита – ет* *они чита – ют*<br><br>*<u>слуша\|ть</u>*<br>1 *я слуша– ю* *мы слуша– ем*<br>2 *ты слуша– ешь* *вы слуша– ете*<br>3 *он слуша– ет* *они слуша– ют*<br><br>**Интеркултурни содржини:**<br>Сличности и разлики во начинот на облекување на основците во Русија и Македонија | | |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **Опкружување** | | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>детално слушнат/пишан краток текст во врска со опис на домот/собите и предметите во него и неговото опкружување; | **Јазични функции:**<br><br>Опишување на домот и просториите во него;<br>Лоцирање простории и предмети во домот;<br>- искажување просторни односи<br>*Где окно? - На стене.* | - **Активности**:<br><br>- Слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- Вежби за асоцијација;<br>- Вежби за правење претпоставки, донесување | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1.1. идентификува поими и изрази поврзани со домот;<br><br>2.1.2. разликува простории во домот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.2. | го опише домот, просториите и просторните односи на предметите во домот; | *Где рюкзак? - Под столом.*<br>*Где картина? - Над доской.*<br>*Слева от шкафа – доска.*<br><br>**Лексички единици**<br>Лексика која е поврзана со опис на домот, собите, предметите, опкружување;<br>Именки и придавки за:<br>- опис на домот, собите, предметите и опкружувањето (*диван, кресло, стул, стол, шкаф, полка, лампа, телевизор, большой, удобный, высокий*)<br><br>**Граматички содржини:**<br>*Имя существительные – род и число*<br>Родительный падеж<br>*Комната Вани.*<br>*Друг Андрея.*<br>*Квартира Оли.*<br><br>Предложный падеж места с окончанием У<br>*В углу, в шкафу, в саду, в лесу, на полу.*<br><br>**Падежные конструкции со значением места:** ГДЕ?<br>**Предложный падеж:**<br>*в доме, на стене*<br>**Творительный падеж**<br>*за углом, под столом...* | заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови и сл.;<br>- Поврзување на текстови со слики;<br>- Одговарање на прашања од типот точно/неточно;<br>- Отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- Подредување едноставни слушнати информации во табели;<br>- Вежби со користење на пантомима;<br>- Подредување зборови во реченици и слики по логичен редослед;<br>- Пополнување празни места во табели и реченици;<br>- Поставување прашања и одговарање на нив;<br>- Играње на улоги според дадени модели;<br>- Идентификување одделни графеми во зборови со подвлекување на тие букви<br>- Пишување на слушнат исказ<br>- Индивидуална/групна изработка на постер | 2.1.3. поврзува поими или лексеми за опис на домот со соодветна слика;<br><br>2.1.4. разбира кратки фрази и искази поврзани со описот на домот;<br><br>2.2.1. набројува предмети и простории во домот;<br>2.2.2. ја применува новоусвоената лексика за опис на домот;<br><br>2.2.3.поставува и одговара на прашања поврзани со просторните односи;<br>2.2.4.опишува простор со едноставни јазични средства.<br><br>2.3.1. составува кратки реченици со опис на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3. | пишува едноставни реченици со позната лексика во кој го опишува својот дом. | Притяжательные местоимения<br>Мой, моя, моё, ваш, наш<br>*Мой дом, моя комната, моё радио.*<br><br>Вопросительные местоимения<br>**Чей? Чья? Чьё? Чьи?**<br>*Чей друг? Чья тётя? Чьё кольцо? Чьи учителя?*<br><br>**Наречия:**<br>**места**: ГДЕ?<br>*Здесь, тут, там, везде, нигде, наверху, внизу, дома...*<br><br>**Направления:** КУДА? ОТКУДА?<br>*сюда, туда, никуда, вверх, вниз, домой, направо...,*<br>*отсюда, оттуда, ниоткуда, сверху, снизу, справа...*<br><br>**Интеркултурни содржини:**<br>Видови домови (стан, куќа, викендица...) во Русија и во Македонија. Обичаи и традиции поврзани со вселување во нов дом во Русија и во Македонија. | - Одбележување на акцентот во изговорени од наставникот зборови<br>- Бура на идеи;<br>- Подредување на зборови по логичен редослед<br><br>**Методи**:<br>- Демонстрациски метод: пуштање аудио и видео снимки, покажување предмети, појави, настани, слики, цртежи;<br>- Вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги), опишување, раскажување, објаснување;<br>- документациски методи: пуштање на аудиовизуелни извори на информации;<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, истражување;<br>- операциски метод: метод на творечка работа преку писмено изразување;<br>- Метод на слушање со повторување;<br>- Игровни активности; | предметите во домот;<br>2.3.2.пишува краток текст врз основа на зададени прашања;<br>2.3.3. опишува простории на зададена фотографија; |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **3** | **Секојдневен живот** | | | |
| <br><br><br>3.1.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>3.2. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>разбере глобално или детално слушнат/пишан текст од тема секојдневие;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>побара/даде информација за своето секојдневие (храна, пијалаци, прехрамбени продукти, продавници); | **Јазични функции:**<br>Опишување на секојдневието и дневните оброци;<br>Давање упатства за купување на прехрамбени продукти во соодветни продавници<br><br>**Лексички единици:**<br>Лексика која е поврзана со секојдндевниот живот, храна, пијалаци, прехранбени продукти, оброци, продавници и сл.<br>- борщ, пельмени, гречка, щи…<br><br>*Мне интересно...*<br>*Что ты любишь делать?*<br>*Я люблю играть в хоккей.*<br>*Я люблю фотографировать.*<br><br>хлеб, колбаса, сосиски, яйцо, хлопья, мюсли, сыр, масло, майонез, сметана, джем, мёд, шоколадная паста, молоко, йогурт, суп, мясо, рыба, картофель, рис, голубцы, фасоль, | **Активности**:<br><br>- Слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- Вежби за асоцијација;<br>- Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови и сл.;<br>- Поврзување на текстови со слики;<br>- Одговарање на прашања од типот точно/неточно;<br>- Отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- Подредување едноставни слушнати информации во табели;<br>- Вежби со користење на пантомима;<br>- Подредување зборови во | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1.ги препознае лексемите и зборовите на зададената тема;<br>3.1.2. го препознае значењето на непознати зборови во познат контекст;<br>3.1.3. издвојува информација од краток текст од дадената тема;<br><br><br><br><br>3.2.1.ги набројува/опишува своите дневни активности и оброци;<br>3.2.2.правилно одговара на зададени прашања од темата секојдневие;<br>3.2.3. дава опис на своето секојдневие со новоусвоена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.3. | пишува едноставни реченици во кој ги опишува своите омилени јадења и дневни оброци. | запеканка с мясом и др.<br><br>*Что можно есть на завтрак?*<br>*Что ты любишь есть?*<br>*Что ты обычно ешь на завтрак?*<br>*Что обычно ешь на ужин?*<br>*Что можно есть на обед?*<br>*Что обычно ешь на обед/ужин?*<br>*Какое твоё любимое блюдо?*<br><br>Какое ваше любимое блюдо?<br>Я завтракаю...я всегда ем... я пью...на обед у меня......мясо, фрукты, овощи, напитки<br><br>**Граматички содржини:**<br>*Имя существительные – род и число*<br>Винительный падеж:<br>*Кого ты увидел?*<br>*Что ты любишь?*<br>*я люблю кого/что*<br><br>Дательный падеж местоимении<br>Дательный падеж с глаголами НРАВИТЬСЯ – ПОНРАВИТЬСЯ<br>Мне нравится (не нравится) ...<br>Ему понравился (не понравился) обед<br><br>Творительный падеж с предлогом С<br>С ЧЕМ?<br>*Хлеб с маслом.* | реченици и слики по логичен редослед;<br>- Пополнување празни места во табели и реченици;<br>- Поставување прашања и одговарање на нив;<br>- Играње на улоги според дадени модели;<br>- Идентификување одделни графеми во зборови со подвлекување на тие букви<br>- Пишување на слушнат исказ<br>- Индивидуална/групна изработка на постер<br>- Одбележување на акцентот во изговорени од наставникот зборови<br>- Бура на идеи;<br>- Подредување на зборови по логичен редослед<br><br>**Методи**:<br>- Демонстрациски метод: пуштање аудио и видео снимки, покажување предмети, појави, настани, слики, цртежи;<br>- Вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги), опишување, | лексика.<br>3.2.4. дава свое мислење и споредува активности, оброци, продукти.<br><br>3.3.1. пополнува формулари, табели, анкети за дневни активности, оброци;<br>3.3.2.пишува едноставен текст за своите дневни активности;<br>3.3.3.опишува омилено јадење со едноставни јазични средства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *Чай с сахаром и лимоном.*<br><br>Имя прилагательное:<br>Полные формы прилагательных и согласование с существительными в роде, числе и падеже<br>*Я смотрел интересный фильм.*<br>*Я люблю слушать детскую музыку.*<br>*Это хорошее дело.*<br>*Мы внимательные ученики.*<br>*Я купил чёрный хлеб.*<br>*Мама варит русский чай.*<br><br>Имя числительное:<br>- Количественные и числительные до 1000<br>- Порядковые<br><br>Настоящее время – II спряжение<br>*<u>люби\|ть</u>*<br>1 *я любл – ю* *мы люб – им*<br>2 *ты люб – ишь* *вы люб – ите*<br>3 *он люб – ит* *они люб – ят*<br><br>*<u>готови\|ть</u>*<br>1 *я готовл – ю* *мы готов – им*<br>2 *ты готов – ишь* *вы готов – ите*<br>3 *он готов – ит* *они готов – ят*<br><br>Глаголы движения:<br>Идти-ходить; ехать-ездить | раскажување, објаснување;<br>- документациски методи: пуштање на аудиовизуелни извори на информации;<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, истражување;<br>- операциски метод: метод на творечка работа преку писмено изразување;<br>- Метод на слушање со повторување;<br>- Игровни активности; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Интеркултурни содржини:**<br>Разликите и сличностите во дневните оброци, подготовка на традиционалните јадења од руската и македонската кујна. | | |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **4** | **Слободно време** | | | |
| 4.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>разбира глобално и детално значење на слушнат/пишан текст на тема слободно време; | **Јазични функции:**<br><br>Ќе опишува активности од слободното време, дава информација за омилената музика, спорт, хоби. Дава и бара информација за временските услови.<br><br>**Лексички единици:**<br>Лексика со која се означуваат активности од слободното време (хоби, спорт, музика и др.)<br>- лексика/изрази поврзани со календар, годишните времиња и временските услови;<br><br>- *Что вы любите делать в свободное время?*<br>- *Ты занимаешься спортом? Каким? Как долго?*<br>- *Сколько раз в неделю у тебя* | **Активности**:<br><br>- Слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- Вежби за асоцијација;<br>- Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови и сл.;<br>- Поврзување на текстови со слики;<br>- Одговарање на прашања од типот точно/неточно;<br>- Отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- Подредување едноставни слушнати информации во | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.1.1. ги препознава основните поими поврзани со темата слободно време;<br>4.1.2. го препознае значењето на непознати зборови во познат контекст;<br>4.1.3. издвојува информација од краток текст од дадената тема;<br>4.1.4.поврзува слика со слушнат или пишан текст. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>4.3. | бара или дава информација за активностите во своето слободно време;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>бара/дава информации за ден, месец, датум, годишни времиња, временски прилики; | *тренировки?*<br>- *Когда/по каким дням у тебя тренировки*<br>*Любишь ли ты ходить в театр?*<br>*Как часто ты ходишь в театр?*<br>*С кем ты обычно ходишь в театр?*<br>*Когда ты последний раз был/была в театре?*<br>*Что ты смотрел/-а в театре?*<br>*Тебе нравится смотреть балет/оперу, слушать классическую музыку/рок музыку/поп музыку?*<br>- *Какое у вас хобби?*<br>*Спорт, музыка, игры, кино, театр, музеи, книги.*<br>*Чем ты занимаешься в свободное время?*<br>*Ты любишь читать?*<br>*Какие книги ты любишь читать?*<br>*Какую музыку ты любишь?*<br>*Ты любишь спорт?*<br>*Ты любишь играть в футбол или смотреть его по телевизору?*<br>*Ты любишь смотреть фильмы?*<br>*По телевизору или в кино?*<br>*Когда ты любишь гулять: днём, вечером, утром?*<br>*Ты интересуешься историей (литературой, искусством...)?*<br>*Какой язык ты хочешь изучать?* | табели;<br>- Вежби со користење на пантомима;<br>- Подредување зборови во реченици и слики по логичен редослед;<br>- Пополнување празни места во табели и реченици;<br>- Поставување прашања и одговарање на нив;<br>- Играње на улоги според дадени модели;<br>- Идентификување одделни графеми во зборови со подвлекување на тие букви<br>- Пишување на слушнат исказ<br>- Индивидуална/групна изработка на постер<br>- Одбележување на акцентот во изговорени од наставникот зборови<br>- Бура на идеи;<br>- Подредување на зборови по логичен редослед<br><br>**Методи**:<br>- Демонстрациски метод: пуштање аудио и видео снимки, покажување предмети, појави, настани, слики, цртежи; | 4.2.1. поставува и одговара на прашања поврзани со слободното време;<br>4.2.2. ја применува новоусвоената лексика во кратки фрази и искази;<br>4.2.3. составува едноставни искази во кои изразува своите вкусови и интереси;<br>4.2.4. опишува свое хоби;<br><br><br><br><br><br><br><br><br>4.3.1. набројува поими што означуваат годишни времиња, прилики и неприлики;<br>4.3.2. подредува по логичен редослед денови, месеци, дати и др.;<br>4.3.3. подредува текст по логичен редослед;<br>4.3.4. споредува временски прилики во различни годишни времиња. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.4 | пишува краток текст (електронска порака, СМС и сл.) за активностите во слободното време или временските прилики. | *Почему?....)*<br><br>*В январе, в феврале, в марте, в апреле, в мае, в июне, в июле, в августе, в сентябре, в октябре, в ноябре, в декабре.*<br>*Лето, зима, осень, весна.*<br>*Какое твоё любимое время года?*<br>*Какое время года ты любишь?*<br>*Какое время года тебе нравится?*<br>*Почему?*<br>*Какую погоду ты любишь?*<br>*Какие праздники празднуем весной/летом/осенью/зимой?*<br><br>Играл в баскетбол.<br>Катался на велосипеде.<br><br>**Граматички содржини:**<br>Имя существительное<br>Творительный падеж ЧЕМ?<br>заниматься, увлекаться, интересоваться<br>Дательный падеж КОГДА?<br>По понедельникам, по вторникам ...<br><br>Имена прилагательные – родительный падеж<br>мужского и среднего рода<br>- какого? *нового/синего*<br>женского рода | - Вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги), опишување, раскажување, објаснување;<br>- документациски методи: пуштање на аудиовизуелни извори на информации;<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, истражување;<br>- операциски метод: метод на творечка работа преку писмено изразување;<br>- Метод на слушање со повторување;<br>- Игровни активности; | 4.4.1. ја примени новоусвоената лексика при пишување краток текст (електронска порака, СМС и сл.);<br>4.4.2 составува краток текст за известување на активност во слободното време или временските прилики;<br>4.4.3. пишува краток едноставен текст за активностите од слободното време; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - какой? *новой/синей*<br>множественное число<br>- каких? *новых/синих*<br>*Там не было нового летнего театра и музея (новых летних театров и музеев).*<br>*Мы купили цветы для молодого пилота (молодых пилотов).*<br>*Там не было последнего смешного письма (последних смешных писем).*<br>*Это книга новой подруги (новых подруг).*<br><br>Сравнительная степень прилагательных<br>*умн-ый - умнее,*<br><br>Сложная форма сравнительной степени<br>*Более умн-ый, умн-ая, умн-ое, умн-ые*<br><br>Прошедшее время<br><br>*чита\|ть*<br>*он чита-Л*<br>*она чита-ЛА*<br>*оно чита-ЛО*<br>*они чита-ЛИ*<br><br>*одева\|ть\|ся*<br>*он одева-Л-СЯ*<br>*она одева-ЛА-СЬ* | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *оно одева-ЛО-СЬ*<br>*они одева-ЛИ-СЬ*<br><br>*В воскресенье проснулся очень рано. Утром написал домашнее задание и выучил уроки, а потом гулял с друзьями.*<br><br>Глаголы движения<br>нести-носить; вести-возить<br><br>**Интеркултурни содржини:**<br>Интересите и активностите во слободното време на младите во Русија и Македонија;<br>Разликите на временските услови во Русија и Македонија. | | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показателите за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, не треба да се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците да не се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање. Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година. Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се |

| | |
|---|---|
| | врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br>На крајот на седмото одделение учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| **Дидактички препораки** | Целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели применувајќи во наставата најнови сознанија од подрачјето на дидактиката и методиката на наставата по странски јазици, педагогијата и психологијата, т.е. позитивни домашни и странски искуства поврзани со наставата и учењето на рускиот јазик, но притоа да не ја ограничува неговата/нејзината креативност.<br>Во планирањето на наставата за седмо одделение земени се предвид содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во истото, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините со акцент на интегрираното поврзување со содржините од мајчиниот јазик.<br>Фокус на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учење. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување на знаења. Неговата улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.<br>При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички); различните видови интелигенција (вербална-лингвистичка, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.<br>Треба да се има предвид дека менувањето на различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална и работа во парови и групи, истражувачка работа, работилници), како и менувањето на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периодите на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот, ја подобруваат мотивацијата за учење.<br>Наставата по руски јазик се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин. Согласно гореневеденото, по странски јазик не може да се определи, односно не е можно да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.<br>Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на |

| | |
|---|---|
| | граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: Слушање и Читање со разбирање, Зборување, како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, како и вештината Пишување.<br>Наставникот треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по руски јазик се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се врзани со самиот процес на учење.<br>Од сето наведено произлегува дека наставникот треба да ги учи учениците како полесно и побрзо да учат, како да го сочуваат наученото и како да го користат знаењето во нови ситуации, надвор од училницата. Наставникот треба да ги запознава учениците со целите и содржините на активностите/задачите/материјалите и стратегиите на учење кои тие ги применуваат на повисоките нивоа на учење.<br>Од наставникот се очекува да ги учи учениците да развиваат и применуваат стратегии на успешно учење. |
| **Литература и други извори** | **Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење.** |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-1748/2<br>30.1.2020 година**<br><br>**МИНИСТЕР,<br>Dr. Arbër Ademi** |
| | |